**Архивски број:** 04-4902/8
**Датум:** 25-07-2025

Врз основа на член 11 и член 52 став (1) и (3) од Законот за административни службеници („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 154/15, 48/15, 142/16 и 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 17/25), Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади донесе:

# ОДЛУКА
## за избор на кандидати за унапредување по интерен оглас број 03/2025

1. Административниот службеник Ридван Алиу се избира за извршител на работните задачи за работното место:
   -ИНС0101В01000 Советник за инспекциски надзор над остварување на правата од правата за заштита на децата и правото на згрижување, воспитание, одмор и рекреација, Одделение за инспекциски надзор на дејноста за заштита на децата, Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

2. Административниот службеник Фатон Амети се избира за извршител на работните задачи за работно место:
   -ИНС0101В02000 Самостоен инспектор за инспекциски надзор над остварување на правата од социјална заштита и други парични надоместоци, Одделение за инспекциски надзор над остварување на права од социјална заштита и други парични надоместоци, Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата

3. Унапредувањето на административните службеници од точка 1 и 2 и ќе се изврши по завршувањето на постапката и конечноста на одлуката.

4. За работно место под реден број 3. УПР0101В01000 Советник за следење на работењето и законитоста на работата на Фондот на ПИОМ, 1(еден) извршител не се врши избор поради тоа што нема пријавено кандидати.


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија
**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

- Сектор за управување со човечки ресурси-

## Образложение

На веб страната на министерството за социјална политика, демографија и млади и Агенцијата за администрација, на 08.07.2025 година објавен е интерен оглас бр.03/2025 за унапредување на административните службеници на следните работни места:

1. **ИНС0101В01000 Советник за инспекциски надзор над остварување на правата од правата за заштита на децата и правото на згрижување, воспитание, одмор и рекреација**, 1 (еден) извршител
2. **ИНС0101В02000 Самостоен инспектор за инспекциски надзор над остварување на правата од социјална заштита и други парични надоместоци**, 1 (еден) извршител
3. **УПР0101В01000 Советник за следење на работењето и законитоста на работата на Фондот на ПИОМ**, 1 (еден) извршител

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници формирана од државниот секретар со решение бр.04-4902/3 од 23.07.2025 година, спроведе административна селекција и согласно Записникот за административна селекција за интерен оглас бр. 04-4902/6 од 24.07.2025 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју бр.04-4902/7 од 24.07.2025 година, подготви финална ранг листа за секое работно место и предлог одлука за избор, до Државниот секретар на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

За работното место со реден број 3. УПР0101В01000 Советник за следење на работењето и законитоста на работата на Фондот на ПИОМ, 1 (еден) извршител, не се изврши избор поради тоа што нема пријавено кандидати.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба преку Министерството за социјална политика, демографија и млади до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување во втор степен по жалби и приговори на административните службеници во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката.

**Државен секретар**
**Fatmir Sabriu**

Република Северна Македонија / Министерство за социјална политика, демографија и млади / Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve / Скопје-Shkup

Изработил: Е.Печинска
Одобрил: А.К.Ангеловска


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk